Црвен крст на Република Македонија

ПРИРАЧНИК

ДИСЕМИНАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНОТ ХУМАНИТРАНО ПРАВО ЗА ЛОКАЛНА ВЛАСТ

ПРИРАЧНИК
ДИСЕМИНАЦИЈА НА МХП ЗА ЛОКАЛНА ВЛАСТ

Наместо вовед

Развојните тенденции ја индицираа потребата од посебен и специфициран однос кон локалната власт како целна група, со бројни подгрупи (совет на општина, социјални институции, образовни институции, институции за справување со кризи и спасување) и поврзување на соодветни норми, правила и принципи на МХП со норми и прописи што го регулираат активитетот на системот и функционирањето на локалната власт, како и создавање на можности за актуализирање на конкретни прашања и проблеми и градење на поставки за акциона корелација во време на конфликтна состојба. Локалната власт практично е своевиден репрезент на манифестирање на принципи и правила на правниот систем и механизам на државата изразен преку остварување на непосредните права и интереси на граѓаните. Токму тие интереси ја одразуваат потребата за поврзаност и комплементарност на домашното со меѓународното право, во тој контекс и хуманитарното право, особено имајќи го во предвид остварувањето на основните и универзални права на човекот. Во овој контекс, стоејќи и следејќи ја врската со позициите и опфатот на МХП, од особена важност се прашања, проблеми и теми за правилен и организиран активитет на граѓаните во заштитатната, безбедносната, одбранбената функција, односно организирање за заштита на ранливи категории и групи на лица и во справувањето со кризни состојби, катастрофи и состојби на конфликт.

Цел

Пласирање и промовирање на специфични информации и знаења за врската на делови на МХП со обврските и функциите на локалната заедница, експонирање на вредносната врска на црвениот крст, хуманитарното право и локалната самоуправа во социјалната сфера, заштитната и здравствената свера, акцентирање на ранливите групи на населението, посебно децата, и афирмирање на културата на дијалог.

Меѓународно хуманитарно право

Прашањето на дефинирање, споредба и методологија е дадено во прирачникот за општа дисеминација, и тој дел во скратена форма треба да се опфати во структурата на сесијата за целна група од локалната власт. Нормално, се користат и други извори и, теоретски и практични помагала. Структурата на сесијата е детерминирана од содржината на законската рамка за надлежноста на локалната самоуправа, а во тој контекс и локалната власт. Врската и спојувањето се согледува преку областите на надлежност, тука и корелативната врска со подрачни единици на министерствата и други владини институции, јавни претпијатија, како и невладини, особено оние што имаат законска надлежност за директно учество во организација, подготовки, раководење и одлучување, и со персонални и технички ресурси, како што е Црвениот крст, заштитен и овластен со меѓународни и домашни правила и закони. Тука, го ставаме акцентот на основни принципи на МХП за пристап и заштита на шртвите од вооружени конфликти, неприкосновеноста во давањето на хуманитарната помош, издвојувањето на заштитата на цивилите и цивилната одбрана, особено на најранлива категорија на лица (деца, жени, расселени лица). Од аспект на хуманитарната помош, страните на судирот мора да обезбедат непристрасен и недискриминаторски пристап, доколку населението има потреба од помош, а според МХП забрането е изгладнување на цивилно население како средство за војување. (види посебно во: ЖК IV, чл. 23, 59, 60 и 61; ДП I чл. 54, 69, 70 и 71; ДП II чл. 14 и 18)

Локална самоуправа

Општина -поим, дефиниција

... единица на локалната самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон (Закон за локалната самоуправа, „Службен весникна РМ, бр. 2 од 29 јануари 2002

1. ГРБ И ЗНАМЕ НА ОПШТИНАТА
2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА
3. НАДЛЕЖНОСТИ - ЛИСТА
4. ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА И РЕФЕРЕНДУМ
5. СОВЕТ, НАДЛЕЖНОСТ, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ

Врската или корелацијата на локалната власт и надлежностие се согледува преку области на цивилната одбрана, безбедноста и социјалната заштита, односно заштитата во целина, како заштитата на имотот, заштита на загрозени категории на лица воопшто и како последица на

конфликти, начин на заштита, давање и распределба на помош определено со нормите на МХП.

Социјална заштита – надлежност на ЛС

- заштита на децата - детски градинки и домови за стари
- остварување на социјална грижа за инвалидните лица
- децата без родители и родителска грижа
- деца со воспитно-социјални проблеми
- деца со посебни потреби
- децата од еднородителски семејства
- децата на улица
- лицата изложени на социјален ризик
- лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол
- домување на лица со социјален ризик
- воспитување на децата од предучилишна возраст - право
- подигање на свеста на населението за социјалната заштита

Опфат во МХП

- женевски конвенции (1949)
- Дополнителни протоколи (1977)
- Конвенција за заштита на цивилите (четврта)
- Принципи (непристрасна, хуманитарна, недискриминаторска помош)
- Хуманитарна акција кон жртвите од воен судир
- Раселување (4-та ЖК)
- Лишени од слобода (3-та, 4-та ЖК, жл. 27, 37 и 76, во чл. 79-135, интернирани лица, 64-75 судски гаранции, ДП 1 чл. 75, ДП 2 чл. 4-6)
- Уништување на имот (ЖК 4, чл. 53; ДП 1, чл. 48, 52, 54, 56; ДП 2, чл. 15 и 16; Хашка конвенција за заштита на културни вредности во случај на вооружен судир од 1954 година
- Амблем, заштитна, показна цел, (ЖК 1, чл. 38-44 и 53-54; ЖК 2, чл. 41-45; ДП 1, чл. 18

Цивилна одбрана и заштита

- заштитени: цивили во организации на Цивилната одбрана и нивни згради, друга опрема
- неучество во борбени дејства
- ДП 1, Список на хуманитарни задачи или (цивилна одбрана): а) предупредување; б) евакуација; в) раководење со засолништа; г) мерки за затемнување; д) спасување; ѓ) медицинска служба и прва помош; е) верска помош; ж) противпожарни дејства; з) откривање и означување на опасни зони; с) деконтаминација и слични заштитни мерки; и) обезбедување на итно сместување и потребни намирници; ј) итна помош за воспоставување и одржување на редот во погодени области; к) итни поправки на неопходните капацитети од јавен интерес; л) итно закопување на посмртни останки; љ) помош во презервација на објекти кои се од суштинска важност за преживување; м) дополнителни активности неопходни за спроведување на наведените задачи - планирање и организација
- Знак за идентификација на организации за цивилна одбрана, син триаголник на портокалова основа (објекти, материјали, засолништа)

Цивилните мерки и активности ги спроведуваат цивили и цивилни огани за заштита и одбрана, и истите се заштитени со МХП.(институции за внатршни работи, цивили и организации за спасување) Но тие несмеат да имаат било каква врска со воените сруктури ниту зависни од војската. (види ДП I, чл. 65) Објектите, возилата и друга опрема што припаѓа на организации на цивилната одбрана се заштитени и не смеат да се уништуваат или да им се смени нивната намена, освен тоа не го реши државата на која и припаѓаат. Заштитени се и сите лица цивили кои се јавиле на повик од надлежна институција за извршување на задачи за цивилната одбрана и заштита, иако не биле формално активни членови.

Заштитени се и цивили кои припаѓаат на неутрална држава, а спроведуваат активност на територија на страна на судир. Во однос на цивилната одбрана и заштита, во ДП I се наведени настани и ситуации битни за преживување на населението, или: прдупредување; евакуација; раководење со засолништа; преземање мерки за затемнување; мерки а спасување; медицински мерки, прва помош и верска помош; противпожарни мерки; откривање и означување опасни зони; деконтаминација и слични заштитни мерки; обезбедување потребни намирници и тно сместување; итни мерки и помош за воспоставување и одржување на редот; итни поправки на неопходни капацитети од јавен интерес; итно закопувасње на посмртни останки; помош за презервација на објекти од суштинска важност за преживување; други слични мерки. Заштитата на овие лица престанува доколку истите на било кмој начин се вклучат во непријателски активности на било која страна на судирот.

Загрозување на цивили

Цивилите се најзагрозената категорија, особено во современите вооружени судири.

Со оглед на тоа што цивилите се основа на перцептиноста и активитетот на нашето стојалиште битно е да ја согледаме категоријално според МХП. Според таа позиција цивил е секое лице што не е опфатено со дефинирањето на борец. Инаку, цивилите се заштитени, освен до момент додека не земат директно учество во борбени дејства, а доколку се претпоставува дека некое лице е цивил, иако има сомневања дека учествува како борец, тогаш се зема во предвид таа претпоатавка, и доколку меѓу цивилното население се кријат борци, тогаш цилното население не го губи тој статус. Цивилите се заштитени со Четвртата женевска конвенција, после Втората светска војна кога беа нанесени најголемите ѕверства и суровост над цивилите, особено во концентрационните логори и на окупираните територии. Треба да се подсети дека во внатрешен или немеѓународен вооружен судир поимот ,,цивилно лице,, не е директно дефиниран, но според ДП II цивилите се заштитени, освен нивното директно учество во борбени дејствија. Заштитатата на цивилите е загарантирана со заедничкиот член 3 на Женевските конвенции, дека кон лицата кои не учествуваат во борбените дејства мора хумано да се постапува и без никакви негативни последици. Од особена важност се одредби кои директно влијаат на заштита на цивилите и регулираат значајни прашања за статусот и облигаторни мерки кон цивилите.

- заштита од чинови на насилство
- забрана за изложување на непотребна опасност (лоцирање на воени капацитети)
- забрана за користење на човечки штитови (четврта ЖК, чл. 27 и 28; ДП1 чл. 51 и 58; ДП2, чл. 4 и 13
- почитување на меѓународното хуманитарно право (ЖК и ДП)
- единство на семејството, заедно, информираност, контакт, спојување (МКЦК - Централна агенција на служба за барање, и НД, собирање и дистрибуција на пораките), четврта ЖК, чл. 25 - 27; ДП1, чл. 32, 34, 74 и 78; ДП2, чл. 4 и 5
- заштита на новинари (карта за идентификација), трета ЖК, чл. 4А; ДП1 чл. 79 и Анекс ИИ
- геноцид - намера да се уништи, целосно или делумно - одредена национална, етничка или верска заедница (Конвенција за спречување и казнување на кривично дело геноцид од 1949 година; Статут на Меѓународниот кривичен суд)

Заштита на имотот

Според МХП цивилен објект е секој што не е законска воена цел, и забрането е да се напаѓаат, како што се живеалишта, продавници, фабрики, возила, но кои се користат исклучително за цивилни цели. Ако постои сомневање дека цивилниот објект се користи за воени цели, тогаш првенствено се дава предност на цивилната потѕреба и не се третира како воена цел, односно се смета за заштитен објект. Одредени објекти имаат специјална заштита, односно забрана на напаѓање на објекти неопходни за опстанок на населението, како: резерви за храна , житарици, стока, инсталации за вода за пиење и системи за наводнување. Во иста насока, забрането е да се извршуваат напади уништувања на културни објекти, историски споменици, уметнички дела, верски објекти, особено брани, насипи и нуклеарни централи кои содржат или испуштат опасни материи, и можност за масовно загрозување на луѓето, имотот и добрата.

Исто така, со посебни одредби е забрането напад и уништување на приватен или јавен имот на окупирана територија, освен воколку претставува апсолутна неопходност за воените потреби. Многу е важно правењето на правилна дистинкција на цивилната од воена цел, а во таа насока направени се одрдени напори за дефинирање на воена цел, или: вооружени сили; позиции, воени објекти или конструкции; складишта на оружје или воени резерви; писти, рампи за лансирање ракети и поморски бази; Комуникациски и сообраќајни инсталации, железнички пруги, патишта, мостови, тунели, канали; средства за емитување ртв сигнал – телевиски станици, телефонски и телеграфски централи; индустриски капацитети од суштинска важност за вооружен судир (производство на оружје и разични видови на вооружување, складишта и транспотрни капацитети); центри за истражување и развој на на оружја и воен материјал. (види посебно ЖК IV, чл. 53; ДП I чл. 48, 52, 54, 56; ДП II, чл. 15, 16; Хашката конвенција за заштита на културни вредности во случај на вооружен конфликт од 1954 со протоколи).

Раселување

Присилното одселување на поединци и групи лица од своите живеалишта на простори на територија на државата статусно е одрдедено како внатрешно раселување. Според МХП се забранува насилно раселување на цивилно население во рамки на иста држава, а прецизно одредби во ЖК IV и ДП II дозволуваат или овозможуваат целосна или делумна евакуација на цивилно население доколку е загрозена безбедноста и животот или состојбата на развој на судирот тоа го бара. Во

таква ситуација мора да се превземат сите можни мерки за населението кое е евакуирано да се обезбеди задоволително засолниште, хигиенски потреби, здравствена грижа, исхрана. Штом ќе престанат дејствијата на судирот и се обезбедат услови евакуираните лица мора да се врата во своите домови. Примери на раселување се регистрирани на простори на поранешна Југославија (БиХ), кои се најдоа пред специјално формираниот Хашки Меѓународен кривичен Трибунал. Исто така со овие одрдби е забрането да се изложува цивилното население на непотребна опасност, преселување во небезбедна област каде што се одвиваат одрдедени вооружени дејствија, или уште потешко и нечовечно користење на цивилното население како жив штит против нападите на непријателот (види ЖК IV, чл. 49, ДП I, чл. 85 алинеја 4-а, ДП II, чл. 17).Во 1998 година ООН за проблемот со внатрешно раселени лица објавија принципи и упатства засновани врз инструменти на Меѓународното хуманитарно право и човековите права, оносно стандарди наменети за постапување и примена од страна на владите и соодветни хуманитарни организации и агенции, при обезбедување помош и заштита на внатрешно раселените лица. За овој специфичен проблем, особено со оглед на тоа што не е содветтно меѓународно регулиран, преку специјале известувач на ООН за внатрешно раселени лица дадена е работна дефиниција,- ,,лица или група лица што биле присилени да ги напуштат своите домови или места на постојано живеење, одненадеж или неочекувано како последица на вооружен конфликт, внатрешни судири, систематски повреди на човековите права, природни катастрофи или катастрофи предизвикани од човекот, кои не ја преминале меѓународно признатата државна граница,,.

Како жртви на вооружени конфликти или немири, внатрешно раселените лица се во центарот на мандатот на МКЦК.

Раселените лица се специфична појава што бара сериозен пристап со специфични мерки на планирање и обука на локалната власт и владини институции и хунанитарни организации и агенции за давање на помош, особено кооординацијата за активитет и користење на ресурсите.

Бегалци

Специфична категорија на загрозени лица како последица на вооружен конфликт или внатрешни судири, со загарантирана статусна заштита во Конвенција за бегалци од 1951 година, како знак на нормативна подготвеност на меѓународната заедница, а дефинирањето на лице бегалец е ,,како последица на настани што се случиле пред 1 јануари 1951, и поради страв од прогонување од следни причини: расни, релгиозни, национални, членување во некоја општествена група или поради политичко мислење се наоѓа надвор од својата матична држава и не

е во можност поради страв не волно да ја искористи заштитата од таа држава, или кое како лице без националност се наоѓа надвор од земјата на неговото претходно место на живеење, не е во можнст да се врати поради страв во истата,,. Со конвенцијта се поставени минимални стандарди за третманот на бегалците вклучувајќи ги и основните права што им припаѓаат. Добро е да се акцентира што нема да се смета за лице бегалец: извршител на кривично дело против мирот, воено злосторство, дело против човештвото; извршител на тешко обично кривично дело што не е плитичко надвор од земјата вокоја се засолниле; лице/а виновни за дела спротивни на принципите на Обединетите нации. Битно е да се забележи дека бегалците имаат право на општа заштита на нивните права и слободи подеднакво како и другите лица. Во ова загрозена кетегорија на лица, посебно е важно што 80% се жени и деца кко посебно ранливи структури. Овие две ранливи групи се подложни на повреди, запоставување, сексуално злоупотребување, како и други форми на експлоатација, и бараат посебна заштита на прават и слободите. Основа на активностите на МКЦК се наоѓа во четирите женевски конвенции од 1949 и Дополнителните протоколи од 1977, поврзано со позицијата и надлежноста на UNHCR, посебно кога таа организација не е активирана. МКЦК ќе ги понуди своите услиги во пренесување на пораките, откривање исчезнати лица, повторно спојување на растурени семејства, посебно активирање на програмите за малолетници без придружба.

Специјална заштита на децата

- Конвенција за правата на децата, ОН, 20 ноември 1989 година за посебна заштита и грижа (секое човечко суштество под возраст од 18 години, освен кога во согласност со закон полнолетството се стекнува порано)
- Забрана за регрутирање на деца под 15 годишна возраст, ДП1
- Забрана за смтна пресуда за лица под 18 годишна возраст
- Регрутирање на лица меѓу 15 и 18 годишна возраст (Протокол на Конвенцијата за правата на детето,мај 2002 година)
- Специјални мерки при апсење, сослушување, затварање (Пекиншки правила)
- Посебни услови при лишување од слобода (Уредби на ОН, Правила за минимум стандарди на ОН,
- Општествени норми во заедницата за спречување на делинквенција (Насоки од Ријад)
- Ропство и присилна работа (четврта ЖК, ДП2, Конвенција за ропство од 1926 година како универзален инструмент

Според МХП децата како ранлива категорија, кои не земаат учество во борбени дејства се заштитени како цивили, но и оние кои

зеле учество се предмет на посебна почит и заштитени од било каква форма на напад, а страните на судирот ќе обезбедат посебна грижа и помош, особено обезбедување на единство на семејството, помош, грижа и едукација. МХП гарантира заштита на деца и малолетници од различни возрасти. При меѓународни вооружени судири државите страни на судир имаат обврска да ги превземат сите мерки да ги спречат децата под 15 годишна возраст да земат учество во судирите, а кога се регрутираат деца од 15 до 18 годишна возраст мора да се даде приоритет на повозрасните. Децата и малолетници кои учествуваат во вооружен судир и се заробени, уживаат статус на заробеник, со посебна заштита, третман и бенефициии. Според ДП I, организирани вооружени групи не треба под никакви околности да регрутираат или користат, во непријателски дејствија лица под 18 годишна возраст, како и спречување на таква пракса.

Заштита на жените

Жените се заштитена категорија како со Меѓународното хуманитарно право, така и со закони за човековите права, но и со домашната правна легислатива, особено во однос на одредени специфики (бременост, доење дете) и заштита од насилство, напади со силување, физичко малтретирање и користење како роб или трговија со истите. Мхп посебно забранува дискриминација врз основа на полот, секаков вид на недостоинство изразено преку насислство и тероризирање.

За одбележување се одредбите во МХП кои важат, за состојба кога жените се во притвор, при што мора да имаат посебни простории за спиење, престој и хигиена, одвоени од машките притвореници и други интернирани лица. Посебно се заштитени жените со посебни потреби, трудници или доилки, како дел од цивилното население.

Според ДП I страните а конфликтот треба да избегнуваат донесување на смртна казна за трудници или мајки на доенчиња, односно смртната казна неможе да се изврши врз такви жени.(види ЖК I, чл. 12, ЖК II, чл. 12, ЖК III, чл. 14, 25, 29, 88, ЖК IV, чл. 14, 16, 17, 21, 22, 23, 27, 38, 50, 76, 85, 89, 91, 97, 124, 129, 132, ДП I, чл. 8, 75, 76, ДП II, чл. 5 и 6)

Заштита од терор и тортура

Во основа МХП има за цел да се спречат актите на насилство, воени злодела, злодела против човештвото, сите видови на тортура и измачување, односно се забрануваат дела или закани за насилство чија

главна цел е да го шират теророт и тортурата меѓу цивилното население. Суштината на ова дело е во намерата да се шири склучително голем страв меѓу цивилното население. Тука мора да се подвлече дека МХП се применува во ситуации на вооружен внатрешен и меѓунероден судир, но многу тешки терористички дела се направени во мирно веме како изолирани случаеви закои се применуваат национални законодавни решенија.

Апсолутната забрана за тортурата и нечовечкиот и понижувачки третман, посебно се првенира и согледува и преку фактот што на МКЦК мора да се овозможи посета на заштитени лица и да се следи нивната состојба. (види ЖК IV, чл. 33, и чл. 27, 31, 32, 33, ЖК I и II, исти чл. 12, ЖК III, чл. 17, 87, ДП I, чл. 51 и 54, ДП II, чл. 4)

Принципот на дистинкција

Правењето на разлика или дистинција при изборот на целите на напад, цивили или борци и други дејствија при вооружени судири е од суштинско значење за Меѓународното хуманитарно право, и сите кои се вклучени во борбените дејства, мора да прават разлика меѓу оние кои не учествуваат или повеќе не учествуваат. Нападите мора да бидат насочени кон борци и воени цели. Цивилите уживаат општа заштитаод сите опасности кои произлегуваат од вооружените операции и не смест да бидат цел на напад. Забранети се дела на насилство, или закана за насилство и терор врз цивилното население. Единствено може да се загуби заштитата само тогаш кога цивили директно учествуваат во борбени дејства – напади на непријателот, саботажи, во време додека го правеле тоа.

Важно е да се наведе дека се забранети неселективни напади како дел или правило од принципо нна дистинкција. Неселективните напади се дефинираат како напади кои не се или неможат да бидат насочени кон специфична воена цел, не се ограничени, се напаѓаат воени и цивилни цели без да се прави разлика.

Битно е да се набележат правила произлезени од овој принцип: дистинкција помеѓу цивили и борци; помеѓу цивилни објекти и воени цели; недискркриминирачки напади; пропорционалност во нападот; мерки на претпазливост при напад; мерки на претпазливост во однос на ефектите на нападот; посебно заштитени лица и објекти; персонал и објекти вклучени во мировни мисии; заштитени зони (ранети, болни, цивили); почитување на културните добра; грижа за работи и постројки со опасна моќ; заштита на природната околина; забрана на изгладнување на цивилното населениеи пристап до хуманитарна помош.

Амблем

Поради потребата од единствен, универзален и леснопрепознатлив амблем Што Ќе ги олесни хуманите чекори и дејствија иницирано е усвојување, користење и заШтита на таков симбол. ЦКРМ фактички и формално обезбедува висок однос и почитување на амблемот.

Црвениот крст на бела основа усвоен во 1863 година, признат како знак за распознавање, Црвената Полумесечина на бела основа усвоена во 1929 година, се признаени и се во употреба, а Црвен лав со сонце усвоен исто во 1929 година, само признаен а нее во употреба, заради тоа што Иран во 1980 година се откажа од тој знак со можност да го активира кога ќе процени, а ја усвои и употребува Црвената полумесечина. Во тек е процес на усвојување, признавање и употреба на амблем Црвен кристал на бела основа.

Во основа амблемот е од големо значење за остварувањето на хуманата мисија и цел, лесно препознатлив, почитуван и индикатор за воздржување, односно заштита на жртвите и на тие што ја даваат помошта. Има две засебни вредности: заштита со визуелна манифестност според Меѓународното хуманитарно право, се користи при вооружени судири и индикативна/показна, дека одредено лица или објект имаат врска со Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, се користи за индикативни/показни цели.

Во време на вооружен судир амблемот се користи како заштита за: Медицински служби на вооружените сили; Црвениот крст и Црвената полумесечина како Движење; Цивилни болници и други медицински капацитети признати од владата со овластување да го истакнат амблемот; Волунтерски хуманитарни организации признати од владата и овластени да го користат исклучиво за медицински потреби.

Во мирновременски услови амблемот може да се користи претежно за индикативни/показни цели од страна на : Црвениот крст и Црвената полумесечина; Возила и објекти (станици) за прва помош согласно со националните прописи и оластување од Националното друштво.

Од посебна важност е правилната употреба и заШтита на амблемот, и неговата злоупотреба во мирно време и во време на вооружен судир. Меѓународното хуманитарно право бара од државите да го заШтитат амблемот и ја спречат злоупотребата, пред се за воени и комерцијални цели. Црвениот крст на Република Македонија иницира активности и акции за промовирање, заШтита и спречување на злоупотреба на амблемот.

Амблемот и името на ЦКРМ се заштитени со Закон.

Планирање и реализација на сесијата

Потребата и со посебна важност, поради непосредните појавни проблеми во локалната средина поврзани со надлежност и иницијатива на локалната власт. Издвоивме дел да свери, прашања и проблеми што ја одразуваат врска со Меѓународното хуманитарно право, но животниот ден и потреби отвораат бројни такви проблеми од тие и слични области на сигурноста на човекот, посебно цивилното население во социјалната, безбедносната, заштитната, и други области поврзани со непосредните интреси. Слободно, правете анализа, проценка, за избор на предмет, проблем, цел, целна група во морето на прашања и проблеми и ингеренциите на локалната власт.

За методологијата и структурата на сесијата отворете и послужете се со мени на страници во прирачникот за општа сесија.